This project is funded by the European Union

This project is implemented by

ЦЕНТАР ЗА ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗИ
CENTER FOR LEGAL RESEARCH AND ANALYSIS

МЗМП

Македонското здружение на млади правници – МЗМП Скопје за потребите од спроведување на проектот "Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот" финансиски поддржан од Европската унија, број на договор: 2022/441-711 објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**За ангажирање на 1 лице за креирање на 5 едукативни видеа за потребите на Агенцијата за заштита на личните податоци**

## 1. Општи информации за проектот

Проектот "Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот" (во понатамошниот текст Проектот) е акција финансиски поддржана од Европската унија со договор бр. 2022/441-711 во рамки на програмата ЕИДХР Поддршка на граѓанското општество преку шеми за поддршка засновани на одредена земја, во Северна Македонија. Проектот ќе се спроведува во период од 2 февруари 2023 до 31 јануари 2025 година од страна на Центарот за правни истражувања и анализи (ЦПИА) и Македонското здружение на млади правници (МЗМП). Општа цел на Проектот е да се зајакнат капацитетите на судството и јавното обвинителство во ефикасна заштита на приватноста на граѓаните, како и другите права и основни слободи засегнати од новите технологии во онлајн просторот во согласност со правото и стандардите на ЕУ. Во насока на остварување на општата цел, Проектот вклучува спроведување на повеќе активности групирани во три компоненти: 1. Градење на капацитети (1.1 Подготовка на анализа за потреби од обуки и акционен план за обука за судството и јавното обвинителство 1.2 Подготовка на програми за обука за судството и јавното обвинителство 1.3 Усогласување на програмите за обука со АСЈО и интегрирање на обуките во програмата за обука на АСЈО 1.4 Испорака на обуки за заштита на приватност, лични податоци и човекови права во онлајн просторот за судии и јавни обвинители 1.5. Испорака на обука за обучувачи ) 2. Истражување (2.1. Подготовка на извештај за проценка на празнините и компаративна анал

иза за улогата на судството во Северна Македонија во заштита на правото на приватност и лични податоци 2.2. Подготовка на Водич за заштита на човековите права и правото на приватност во дигиталниот простор за практична употреба на судии, јавни обвинители и адвокати) 3. Дијалог за креирање политики (3.1 Подготовка на четири анализи за клучни ИКТ теми релевантни за правосудството 3.2 Стратешки форуми за дискусии меѓу институциите околу клучните теми 3.3 Интегрирање на заклучоците и препораките од стручните форуми во документ за креирање политики 3.4 Јавна кампања за едуцирање на граѓаните за правните инструменти за заштита на човековите права во дигитален простори). Повеќе информации за проектот се достапни на следниот линк.

## 2. Опис на активноста

Активноста опфаќа креирање на 5 кратки едукативни видеа во кои ќе се опфатат значајни теми од обласa на заштитата на приватноста и личните податоци, со цел темите да се доближат до општата јавност.

## 3.Цели на ангажманот и работни задачи

Ангажираното лице ќе има за задача да креира 5 кратки едукативни видеа кои ќе бидат поставени во формат кој ќе може да се споделува и да биде објавен на веб страницата на Агенцијата за заштита на личните податоци (Е-училница).

Задачите на ангажираното лице опфаќаат:

- Истражување и соработка со нарачувачот и Агенцијата за заштита на личните податоци (АЗЛП) во однос на избор на темите и пристапот при креирањето на видеата;
- Подготовка на сценарија во согласност со насоките и материјалите кои ќе бидат доставени од нарачувачот и АЗЛП;
- Снимање/креирање на 5 видеа согласно договореното со Агенцијата за заштита на личните податоци и нарачувачот;
- Постпродукција/едитирање која може да вклучува и додавање текстови, voiceover, графикони и други графички елементи
- Соработка со Агенцијата за заштита на личните податоци при објавувањето на видеата на веб страницата.

## 4. Временска рамка

| **Активност** | **Датуми** |
|---|---|
| Рок за поднесување на понуди | 15.01.2025- 22.01.2025 |
| Избор и известување на избраниот кандидат | 24.01.2025 |
| Доставување на прв драфт на петте видеа | 03.03.2025 |
| Доставување на финални производи | 20.03.2025 |

## 4. Профил и потребни квалификации

Понудата може да биде поднесена поединечно од физичко лице, од група на експерти или од страна на правно лице.

Неопходни се следниве квалификации:

- Искуство во подготовка на содржини и информативни материјали за заштита на приватноста и личните податоци;
- Искуство во подготовка на видеа кои опфаќаат социјални теми вклучително заштита на човекови права во онлајн простор, заштита на лични податоци и право на приватност.

## 5. Начин на аплицирање и рок

Понудите можат да се доставуваат електронски, на е-маил адресата: contact@myla.org.mk **најдоцна до 22.01.2025 година**, а насловот на пораката треба да биде „Понуда за едукативни видеа".

Понудите кои ќе содржат непотполна или неуредна документација, како и понудите кои ќе бидат доставени по рокот утврден во овој повик, нема да бидат земени предвид. Македонското здружение на млади правници - МЗМП Скопје го задржува правото да ги контактира само избраните кандидати.

### 5.1. Број на пријави од страна на еден понудувач

Секое лице може да аплицира само еднаш, и тоа, или како самостоен изведувач, или како дел од тим на експерти или како дел од апликацијата на правно лице.

## 6. Финансиска понуда

Во рамки на пријавата, понудувачот треба да достави пополнета финансиска понуда (прилог 1) во која ќе биде наведена единечна вредност на дневница и вкупна сума за целокупниот ангажман. Финансиската понуда не смее да надмине ангажамн од 15 работни дена и вкупен бруто износ за целокупниот ангажман кој не надминува 92.145,00 денари бруто.

## 7. Елементи на понудата

За да се пријави на повикот, понудувачот треба да достави:

- Финансиска понуда според образецот даден во прилог 1;
- Кратка професионална биографија (CV) за сите лица кои се вклучени во пријавата;
- Изјава со која се потврдува дека понудувачот ја поседува или ќе ја обезбеди, на свој трошок, потребната опрема за изготуввање на видеото;
- Најмалку 1 видео со информативна содржина.

## 8. Критериуми и начин на избор на најповолна понуда

Сите навремени, потполни и уредни пријави ќе бидат детално разгледани и оценувани според следните критериуми:

1. **Квалитет на понудата** – 80 поени
2. **Финансиска понуда** – 20 поени.

Со кандидатот кој ќе добие најмногу поени по овие критериуми ќе биде склучен договор во кој подетално ќе се утврдат меѓусебните права и обврски.

## 9. Појаснување на тендерската документација

Доколку се потребни дополнителни информации во врска со овој повик, можете да се обратите на contact@myla.org.mk најдоцна до 21.01.2025.

## 10. Измена и дополнување на тендерската документација

МЗМП го задржува правото најдоцна 2 дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на понудите, по свое наоѓање или врз основа на поднесените прашања за објаснување поднесени од страна на понудувачите, да ја измени или да ја дополни тендерската документација, за што веднаш ќе ја објави измената и ќе ги извести потенцијалните понудувачи кои поднеле барање за појаснување. Во случај на измена на тендерската документација, МЗМП може да го продолжи крајниот рок за доставување на понудата по барање ако постојат оправдани причини за тоа и за тоа ќе направи соодветна објава.

### 11. Начин и услови за плаќање

Плаќањето ќе се изврши на следниов начин:

- 80% од договорениот износ ќе се исплати во рок од 8 дена од доставување на првиот драфт;
- 20% од договорениот износ ќе се исплати во рок од 8 дена од објавување на финалниот производ на медиумите согласно понудата на понудувачот.

### 12.Известување на понудувачите

До избраниот најповолен понудувач ќе се достави известување на адресата на е-пошта наведена во понудата.

**ПРИЛОГ 1 – ФИНАНСИСКА ПОНУДА**

I. ОПШТ ДЕЛ
I.1 Назив на понудувачот:
I.2 Адреса на понудувачот:
I.3 Телефонски број:
I.4 E-mail адреса:
I.5 Име и презиме на овластено лице:
I.6 ЕМБС:
I.7 ЕДБ:
I.8 Согласни сме да ја дадеме оваа понуда согласно предметот на набавка и условите наведени во барањето за понуди

II. ФИНАНСИСКА ПОНУДА
Со поднесување на оваа понуда целосно ги прифаќаме условите во објавениот повик за набавка.

| Спецификација | Бруто цена без ДДВ во денари |
|---|---|
| | |

Важност: 60 дена од датумот на понудата

Напомена: Проектот е ослободен од ДДВ и вкупната цена на понудата не треба да содржи ДДВ. Цената треба да ги содржи сите зависни трошоци и давачки, вклучително и било кој друг трошок кој би можел да се појави во текот на извршувањето на предметот на набавка. Цените остануваат непроменети за целото времетраење на договорот за соработка.

Изјавуваме дека со поднесување на понудата во целост ги прифаќаме сите услови по Повикот за доставување понуди за изработка на видеа во рамки на проектот „Ефикасна правда за заштита на основните слободи и правото на приватност во онлајн просторот“ врз основа на кои ја поднесуваме нашата понуда. Согласни сме тие услови во целост да претставуваат составен дел на договорот.

Датум и место | Потпис (и печат доколку понудувачот е правното лице)

_________________________ _______________________________